Бр./Nr 12-2195/1
18-08-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на ден 15.08.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2563/1 од 30.09.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што не содржи наводи за незаконити дејствија на службени лица кои се предмет на надлежно постапување на ДКСК согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2563/1 од 30.09.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.09.2024 година, е поднесена пријава во која се изразува незадоволство поради непостапување на службени лица од Управата за --------. Во пријавата подносителот наведува дека до Управата за --------- поднел барање за спроведување на постапка против службени лица вработени во -------- – Сектор за даноци и такси и во ------, но дека од страна на Управата за ------ не добил известување за преземени мерки по поднесеното барање. Понатаму, подносителот во пријавата наведува дека успеал да стапи во контакт со овластено лице од Управата за -------- и дека добил информација дека по спроведени истражни дејствија бил оформен предмет од нивна страна и дека предметот бил испратен во -------, како и дека имал сознанија од ОЈО ---------- дека во обвинителството бил заведен предмет од Управата за ---------, доставен преку -------, но дека тој предмет не бил заведен во архивата на ОЈО -------. Подносителот исто така наведува дека поради неизвестување од страна на Управата за -------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

поднел барање за пристап до информации од јавен карактер до Основното јавно обвинителство --------, од каде добил известување А.бр.-------/24 од --.--.2024 година, дека во Основното јавно обвинителство -------- постојат три (3) предмети заведени по пријава од страна на подносителот на пријавата по кои се постапува и се упатува подносителот да поднесе барање за увид во предметите за да добие соодветна информација. Кон пријавата се доставени прилози, од каде може да се утврди дека во наведеното обвинителство се оформени предмети заведени со број V КО ---/23, VIII РО ---/24 и III КО ---/24.

Врз основа на наведеното ДКСК констатира дека не постои основ за нејзино надлежно постапување поради тоа што пријавата не содржи наводи за незаконити дејствија на службени лица и за постоење на корупција во смисла на дефиницијата на поимот корупција во смисла на одредбата од членот 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Подносителот на пријавата за состојбата и фазата од постапката во која се наоѓаат предметите оформени по негови пријави треба да се информира во надлежното јавно обвинителство од каде веќе има добиено одговор и е упатен да поднесе барање за увид во предметите за да добие потребни информации.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата